# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА И РОБОТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 15 мај 2025 година, за избор на асистент во наставно-научната област компјутерски науки, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 41, донесена на 22 мај 2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ивица Димитровски, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Иван Чорбев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Иван Китановски, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика, позиција 2, во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Влатко Спасев.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Влатко Спасев е роден на 14.1.1997 г., во Штип. Основното училиште во ООУ „Кирил и Методиј“, и средното во СОУ „Кочо Рацин“ во Свети Николе ги завршил со одличен успех, како првенец на генерацијата. Со високо образование се стекнал на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје, во 2019 година. Во текот на студирањето е награден за постигнатиот успех. Дипломирал на 16.9.2019 година, со просечен успех 9,53.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, а има основни познавања и од францускиот и рускиот јазик.

Во учебната 2019/2020 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, насока Софтверско инженерство. Студиите ги завршил во 2021 година, со просечен успех 10.00. На 1.12.2021 година го одбранил со успех магистерскиот труд на тема: Имплементација и анализа на користење на GraphQL во реален систем за достава на пратки.

Кандидатот е запишан на трет циклус студии (докторски) студии во 2021 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, програма Компјутерски науки и инженерство.

Од март 2018 година до јуни 2019 година кандидатот е ангажиран како лаборант и држел лабораториски вежби на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Од октомври 2019 година кандидатот е ангажиран како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

На 17 ноември 2022 м-р Влатко Спасев е избран за асистент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот м-р Влатко Спасев изведува аудиториски и лабораториски вежби на прв циклус студии на сите студиски програми на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, на следниве предмети: Структурно програмирање, Шаблони за дизајн на кориснички интерфејси, Интернет програмирање на клиентска страна, Основи на роботика, Основи на веб дизајн, Објектно ориентирано програмирање, Вовед во когнитивни науки и Дизајн на интеракцијата човек-компјутер.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на 76 дипломски трудови, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Кандидатот е член на Дисциплинската комисија на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Кандидатот учествувал во промоција на ФИНКИ на два саема за образование во 2025 година, како и промоција на ФИНКИ низ средните училишта.

### Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

М-р Влатко Спасев има објавено вкупно 17 научни трудови во областа на компјутерските науки и инженерството во меѓународни списанија и конференции, и тоа:

1. **Spasev, V.**, Dimitrovski, I., & Kitanovski, I. (2020). An overview of GraphQL: Core features and architecture. In 12th International Conference ICT Innovations, Skopje, North Macedonia.
2. **Spasev, V.**, Kitanovski, I., Dimitrovski, I., & Chorbev, I. (2021). Overview of testing and visualization tools for GraphQL. In 18th International Conference on Informatics and Information Technologies, Skopje, North Macedonia.
3. Stefanov, M., Stojanovski, N., & **Spasev, V.** (2022). Artificial intelligence in robotics. In 19th International Conference on Informatics and Information Technologies, Skopje, North Macedonia.
4. Velkovski, B., & **Spasev, V.** (2023). A solar tracker using commercial components. In 20th International Conference on Informatics and Information Technologies, Krushevo, North Macedonia.
5. **Spasev, V.**, Dimitrovski, I., Kitanovski, I., & Chorbev, I. (2023). Semantic segmentation of remote sensing images: Definition, methods, datasets, and applications. In 15th International Conference ICT Innovations, Ohrid, North Macedonia.
6. Dimitrovski, I., **Spasev, V.**, Loshkovska, S., & Kitanovski, I. (2024). U-Net ensemble for enhanced semantic segmentation in remote sensing imagery. Remote Sensing, 16(12), 2077.
7. Dimitrovski, I., **Spasev, V.**, & Kitanovski, I. (2024). Deep multimodal fusion for semantic segmentation of remote sensing Earth observation data. In 16th International Conference ICT Innovations, Ohrid, North Macedonia.
8. Petrov, M., Pandilova, E., **Spasev, V.**, Dimitrovski, I., & Kitanovski, I. (2024). An overview of object detection in remote sensing images. In 21st International Conference on Informatics and Information Technologies, Strumica, North Macedonia.
9. Angelovski, S., & **Spasev, V.** (2024). Revolutionizing automation with robotic arms. In 21st International Conference on Informatics and Information Technologies, Strumica, North Macedonia.
10. Georgiev, P., Tonkovikj, L., & **Spasev, V.** (2024). Enhancing hex gameplay using an AI-powered assistive robot agent. In 21st International Conference on Informatics and Information Technologies, Strumica, North Macedonia.
11. Pandilova, E., Atanasoska, E., Petrov, M., & **Spasev, V.** (2024). Internet of things (IoT) in precise agriculture: An overview. In 21st International Conference on Informatics and Information Technologies, Strumica, North Macedonia.
12. Angeleski, T., & **Spasev, V.** (2024). A review of deep learning methods for semantic segmentation of remote sensing imagery. In 21st International Conference on Informatics and Information Technologies, Strumica, North Macedonia.
13. Apostolovska, S., Petrushevska, V., Ilioski, M., & **Spasev, V.** (2024). Robotic assistance in disaster relief efforts: Challenges and advancements. In 21st International Conference on Informatics and Information Technologies, Strumica, North Macedonia.

14. Arsov, D., Goshev, I., & **Spasev, V.** (2024). Application of drones in agriculture. In 21st International Conference on Informatics and Information Technologies, Strumica, North Macedonia.
15. Gjorgiev, V., **Spasev, V.**, & Simjanoska, M. (2024). AirGuard: Innovations in embedded systems for optimal indoor air quality and human well-being. In 21st International Conference on Informatics and Information Technologies, Strumica, North Macedonia.
16. Jovanovski, N., & **Spasev, V.** (2024). Development and evaluation of a self-playing Arduino-based guitar. In 21st International Conference on Informatics and Information Technologies, Strumica, North Macedonia.
17. **Spasev, V.**, Dimitrovski, I., Chorbev, I., & Kitanovski, I. (2024). Semantic segmentation of unmanned aerial vehicle remote sensing images using SegFormer. In 4th International Conference on Intelligent Systems and Pattern Recognition ISPR 2024, Istanbul, Turkey.

М-р Влатко Спасев учествувал во следниве 5 домашни научноистражувачки проекти:

1. Анализа на методи за класификација на сателитски слики, ФИНКИ, 2021 – 2022,
2. Длабоко учење и кластерирање за анализа на слики, ФИНКИ, 2020 – 2021,
3. Анализа на методи за класификација на сателитски слики – продолжување, ФИНКИ, 2022 – 2023,
4. CASPER 2, ФИНКИ, 2021,
5. Анализа на временски серии од сателитски слики, ФИНКИ, 2023 – 2024.

М-р Влатко Спасев учествувал во следните меѓународни научноистражувачки проекти:

1. EuroCC, European High Performance Computing Joint Undertaking (JU), 2020-2022
2. Improving the quality of education, NEAR/SKP/2021/EA-RP/0053, 2024.

М-р Влатко Спасев учествувал во технички комитет на следните 8 конференции:

1. 12th International Conference ICT Innovations 2020, онлајн конференција, Северна Македонија,
2. 18th International Conference on Informatics and Information Technologies, 2021, онлајн конференција, Северна Македонија,
3. 13th International Conference, ICT Innovations 2021, online, North Macedonia,
4. 19th International Conference on Informatics and Information Technologies, 2022, Скопје, Северна Македонија,
5. 15th International Conference, ICT Innovations 2023, Ohrid, North Macedonia,
6. 20th International Conference for Informatics and Information Technology – CIIT 2023, Krushevo, North Macedonia,
7. 21th International Conference for Informatics and Information Technology – CIIT 2024, Strumica, North Macedonia,
8. 22th International Conference for Informatics and Information Technology – CIIT 2024, Strumica, North Macedonia.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот м-р Влатко Спасев, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Влатко Спасев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Влатко Спасев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, м-р Влатко Спасев да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ивица Димитровски, с.р.**
**Проф. д-р Иван Чорбев, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Иван Китановски, с.р.**